

# УВОДНИ СТИХОВИ

Градиво за саботна школа
1/2021

*Сабота, 2 јануари 2021*

## КОГО ИСПРАТИЛ БОГ КАЈ ВАС?

**„’Го одведов кај Твоите ученици, но тие не можеа да го излекуваат.’ А Исус одговори и рече: ’О, роде безверен и развратен! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам? Доведете Ми го тука!’“ (Матеј 17,16-17).**

Исус им дал на своите ученици сила да истеруваат демони и да прават чуда на исцелување (Матеј 10,8). Тој им дал овластување да му служат на народот, а сепак тие се сосредоточиле на себеси така што ја изгубиле силата да го извршуваат Божјото дело. Кога Бог го испратил таткото со неговиот епилептичен син кај учениците да го исцелат, тие не се покажале најдобро. Биле толку преокупирани со положбата и статусот (Марко 9,32-35), што го изгубиле фокусот од она што Бог сакал да го направи преку нив.

Исусовиот одговор до учениците содржи некои од најтешките зборови што некогаш излегле од неговата уста. Тој ги нарекол своите ученици „неверни“ и „расипани“ и се прашувал уште колку време мора да ги трпи! Зошто? Бидејќи требало да бидат посветени на мисијата да ги спасуваат другите заедно со Него, но станале толку дезориентирани што биле духовно немоќни, им недостасувала сила да им донесат физичка и духовна утеха на оние кај кои Бог ги испратил.

Бог би сакал да може да испраќа ранети луѓе кај некое од своите деца и очекува Тој да им помогне преку нив. Како учениците, и ние можеме да станеме толку преокупирани со нашите лични амбиции и преокупирани со работата што стануваме незаинтересирани и неефикасни во служењето на оние што Бог ни ги испраќа. Дури може да се случи да бидеме толку вклучени во религиозни активности што никому воопшто и не му помагаме. Затоа, редовно да го преиспитуваме нашиот живот за да видиме дали сме верни следбеници на сите оние што ни ги испраќа Бог.

*Сабота 9 јануари 2021*

## ЗАМЕНЕТ ЖИВОТ

**„И јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене“ (Галатјаните 2,20).**

Христијанскиот живот е заменет живот: животот на Исус за твојот живот. Кога Христос ќе ја преземе контролата, вашиот живот добива димензија за која никогаш не би знаеле без Него. Кога сте слаби, Христос ја покажува својата сила во вашиот живот (2. Коринќаните 12,9-10). Кога се соочувате со ситуација што не ја разбирате, треба само да прашате и бесконечната Божја мудрост ви е достапна (Јаков 1,5). Кога се соочувате со ситуации што се невозможни за луѓето, Бог го прави невозможното (Лука 18,27). Кога ќе сретнете луѓе кои тешко ги сакате, Бог ја покажува својата бесконечна љубов преку вас (1. Јованово 4,7). Кога не сте во можност да се молите за другите, Духот е подготвен да ве води во вашиот молитвен живот (Римјаните 8,16). Кога Христос ќе почне да живее во животот на верникот, на таа личност ѝ е достапна „сета Божја полнота“ (Ефесјаните 3,19).

Чудесна е слободата што нѐ исполнува кога знаеме дека Бог го контролира нашиот живот и кога знаете што може тој да стане. Наместо постојано да се грижиме за она со коешто се соочуваме, нашиот голем предизвик е постојано да му ја препуштаме на Бога контролата над секоја област од нашиот живот. Искушението ќе биде да се обидеме сами да го направиме она што само Бог може да го стори. Нашата задача е да останеме во Него и да му дозволиме да го оствари во нас и преку нас она што само Бог може да го оствари (Јован 15,5). Само Бог може да биде Бог. Дозволете му да го живее својот божествен живот преку вас.

*Сабота 16 јануари 2021*

## ОВА Е МОЈОТ ВОЗЉУБЕН СИН... ПОСЛУШАЈТЕ ГО!

**„Додека уште говореше, ете, ги засени светол облак; и се чу глас од облакот кој велеше: ‘Овој е Мојот возљубен Син, во Кого е Мојата волја; Него послушајте Го!’“ (Матеј 17,5)**

Петар и другите ученици честопати биле дезориентирани кога станувало збор за Бога. Додека Исус се грижел за една работа, се чинело дека учениците секогаш биле расеани и одвлечени од нешто друго. За да им помогне на своите ученици подобро да се фокусираат на Неговата жртва на крстот што му претстоела, Исус зел со себе неколкумина од учениците и се упатил кон планината Преобразувањето. Таму Исус се преобразил во слава и му се придружиле Мојсеј и Илија, двајцата најмоќни Божји луѓе од минатото. Учениците, пак, заспале! Во еден од најславните моменти од историјата, учениците повеќе се грижеле за сонот отколку за молитвата со Божјиот Син.

Кога се разбудиле, учениците повторно биле вознемирени. Овојпат, Петар ги објавил своите планови за изградба на три шатора. Учениците повеќе биле загрижени за она што можеле да го направат за Бога отколку за извонредното дело на откуп што Бог планирал да ја заврши преку својот Син. Конечно, Бог отстрани сѐ од нив, освен Исус. „Овој е мојот возљубен син:... Него послушајте го!“

Толку е лесно да се стане духовно вознемирен. Дали сте фокусирани на сѐ, освен на Исуса и на делата што Тој ги прави околу вас? Дали сте толку заинтересирани да ја завршите работата што не можете јасно да го видите и да го слушнете она што Бог сака да ви го каже? Треба ли Отецот да отстрани од вашиот живот некои работи што делуваат како пречка? Дали треба повторно да се свртите кон Христа?

*Сабота 23 јануари 2021*

## НЕ БРАНЕТЕ МУ!

**„Тогаш Јован Му одговори и рече: ‘Учителе, видовме еден, кој во Твое име изгонува демони, а не врви по нас; и му забранивме, зашто не оди по нас’“ (Марко 9,38).**

На прв поглед, се чини како да е благороден чин тоа што Исусовите ученици држеле толку добра стража над правоверноста на Христовата служба. Тие се сретнале со некој што изгонувал ѓаволи во Христово име, а кој не бил дел од нивната група и под нивна контрола, па затоа и побарале тој да престане да го прави тоа. Сепак, Исус во ова го видел лицемерието на своите ученици. И на учениците исто така им била дадена власт да истеруваат ѓаволи (Матеј 10,8), а сепак во еден случај не успеале во тоа (Марко 9,28).

Веројатно било доста непријатно за учениците кога не успеале да му помогнат на таткото и на неговиот опседнат син пред луѓето. Сепак, тука имало некој кој бил доста успешен во тоа и не бил дел од групата што редовно го следела Христа. Тие требало да бидат загрижени за нивниот недостаток на духовна сила и виталност. Требало да доживеат нивниот Учител да ги укори за недостатокот на вера (Матеј 17,20). Наместо тоа, тие се свртеле кон другите. Наместо да се покаат за својот грев и да покажат жалење за нивната духовна состојба, учениците се обидувале да спречат некој друг да доживее духовен успех.

Понекогаш е полесно да се минимизираат туѓите духовни победи отколку искрено да се соочите со своите слабости. Одговорот што им го дал Исус на учениците, сигурно ги изненадил кога им рекол: „Не бранете му!“ (Марко 9,39). Тој ги уверил дека „кој не е против вас, тој е со вас“ (Марко 9,40). Дали сте ја научиле оваа важна лекција? Дали сте во можност искрено да се радувате на духовните победи на другите?

*Сабота 29 јануари 2021*

## ЖИВОТ СО ПАСТИРОТ

**„Господ е Пастир мој, ништо нема да ми недостасува, Тој ме одмора на зелени пасишта и ме води на тихи води“ (Псалм 23,1-2).**

Живеењето како овца може да ви донесе извонреден мир во умот! Светото писмо ја зема таа слика за да го прикаже Божјиот однос кон луѓето. Пастирот знае сè за овците. Тој разбира која храна им е најдобра и што им пречи. Тој знае кога треба да јадат и кога да ја задоволи нивната жед. Пастирот е експерт за пасишта и знае каде се најдобрите места со храна и вода. Сè додека овците веруваат и го следат својот пастир, секогаш ќе им бидат задоволени сите потреби во вистинско време. Нивниот пастир ќе им го даде најдоброто од она што го има.

Дали имате целосна доверба во вашиот Добар Пастир? Дали го цените она што го добивате од Него повеќе од сè што можете да добиете од светот? Дали се грижите околу тоа кака Бог да задржува нешто што вам ви треба? Псалмистот е убеден дека ништо нема да му недостасува. По природа, Добриот Пастир се грижи за своите овци и тој е подготвен да го положи и својот живот за нив (Јован 10,11).

Дали сте дозволиле погледот да го свртите од Пастирот кон она што Пастирот ви го дава? Ако се најдете во ситуација да ви недостасува нешто, тоа не е затоа што Пастирот не може или нема да ја исполни вашата потреба. Можеби немате вера да го примите сето она што Тој сака да ви го даде. Или можеби не сте биле незадоволни од она што го нуди и ви го дава вашиот Пастир. Дали ви недостасува радоста што доаѓа од дружењето со Пастирот кој се грижи за вас? Вратете се кај Него и верувајте дека Тој ќе ги задоволи сите ваши потреби затоа што тој сам може да го стори тоа.

*Сабота, 6 февруари 2021*

## УТЕХА ОД ПАСТИРОТ

**„Кога би тргнал и по долината на смртната сенка, нема да се исплашам од злото, зашто Ти си со мене; Твојот жезол и Твојата палка ме успокојуваат“ (Псалм 23,4).**

Како Божјо дете, никогаш не сте сами. Вашиот Пастир е со вас цело време. Никогаш не треба да се плашите за својата ситуација. Никогаш не треба да се прашувате каде е Тој. Никогаш не треба да стравувате дека Тој ќе ве напушти ако работите станат тешки. Тој оди пред вас; Тој оди покрај вас; Тој ве следи. Неговата заштита е сигурна! Исто како што Тој го гледа секое врапче и го знае секое влакно на вашата глава, неговиот поглед постојано е насочен кон вас (Лука 12,6-7). Тој ве теши со своето присуство во време на тага и жалост. Тој ве води низ долината на смртната сенка. Тој нема да ве одведе по заобиколен пат како што вие можеби би сакале.

Има време кога вашиот Пастир знае дека единствениот начин да ве одведе таму каде што тој сака да бидете е да ве одведе по патеката што минува низ темна долина. Повторно, во тие времиња, Тој оди многу близу до вас, ве уверува на целиот пат дека сѐ уште ве сака и дека е со вас. Токму за сето тоа време по тие мачни и тешки патишта, ја доживувате Неговата љубов и сочувство на многу подлабок начин од кога било порано.

Никогаш не треба да се плашите од злото. Иако злото е зло, не може да се соочите со ништо а Пастирот од тоа да се исплаши. Тој го видел сето тоа и поминал низ тоа. Го победил секој облик на зло. Вашиот Пастир е секогаш подготвен и точно знае кога и каде ќе доживеете потешкотии. Имајте целосна доверба во вашиот Пастир, кој ве чува и ви ја покажува својата љубов дури и во најмрачните моменти од вашиот живот.

*Сабота, 13 февруари 2021*

## ПАСТИРОТ ЈА ОБНОВУВА ДУШАТА

**„Ја закрепнува душата моја, ме води по патот на правдата заради името Свое“ (Псалм 23,3).**

Вашиот Пастир ја знае секоја ваша потреба. Тој знае дека ќе има момент на замор на патувањето со Него. Тој го знае времето кога ви е потребен одмор. Вашиот Пастир знае како ќе успеете да закрепнете. Понекогаш е пријатен одморот во тишината на природата. Понекогаш ви треба Пастирот да ве земе во прегратки. Во некое друго време, ви треба поддршка или уживање што го овозможува Пастирот. Пастирот нема секогаш да реагира на ист начин; Неговиот одговор секогаш совршено одговара на вашите потреби.

Додека го следите Пастирот, ќе има моменти кога ќе се чувствувате исцрпено, можеби поради напорот што го доживувате или поради искушенијата на кои им се спротивставувате. Прогонството со кое се соочувате или товарот што го носите за другите може да ве исцрпи. Ќе има моменти кога ќе се чувствувате како да не можете да продолжите понатаму. Вашиот Пастир знае кога ќе ја достигнете оваа точка и каков лек ви треба. Постојат многу начини на кои тој може да ве поттикне: преку Неговиот збор, преку други или преку околности. Тој знае што ви треба подобро од вас.

Дали сте уморни? Дали ви треба освежување? Не обидувајте се да закрепнете со некои ваши сопствени методи и средства. Само Бог знае како да ја лекува и подмлади душата (Исаија 40,28-31, Матеј 11,28-30). Тој ќе го стори тоа совршено, понекогаш и на начин што ќе ве изненади. Побарајте од него да ве обнови и потоа бидете подготвени да одговорите на следното што Тој ќе го направи за вас.

*Сабота, 20 февруари 2021*

## ГРИЖА ЗА НАДГРАДУВАЊЕ

**„И така, да го бараме она што служи за мир и взаемно надградување“ (Римјаните 14,19).**

Знак за духовна зрелост е подготвеноста да се жртвува личната удобност заради зајакнување на другите верници. Павле ги охрабрува и ги поттикнува христијаните да се стремат само кон оние активности што промовираат мир и да творат дела што ќе ги изградуваат другите. „Не грижете се секој само за себе, туку и за другите!“ (Филипјаните 2,4).

Глаголот „бара“, употребен во овој стихот Римјаните 14,19, означува огнено насочување на напорите кон една цел. Ова не е случаен резултат. Ова вклучува користење на сѐ што Бог ни дал за да обезбедиме раст и мир во животот на другите. Павле ѝ пишува на црквата во Колоса дека работел и се борел со сите сили (Колошаните 1,28-29). Ова бара концентрација и напор.

За Павле, надградувањето на другите значело воздржување од каква било активност што би можела да ги сопне. Тој не се повикувал на личните права или на удобност затоа што негов најголем приоритет, издигнувајќи се над личната слобода, бил да ги води другите кон христијанска зрелост (1. Коринќаните 14,12.26). Исто така се однесувал и Исус кон своите ученици. Тој ги поучувал дека нема поголема љубов од таа да се даде својот живот за другите (Јован 15,13). Како христијани, ние треба да бидеме толку посветени на зајакнување на верата на другите што треба кон оваа цел да се стремиме неуморно, дури и ако тоа бара од нас да го дадеме и својот живот. Ваквото однесување било одлика на раната црква (Дела 2,40-47). Таква љубов треба да покажат и оние што денеска го следат Христа (Галатите 6,9-10).

Додека Бог ви открива што им треба на оние околу вас за да растат во верата, бидете подготвени да ги направите потребните жртви во полза на вашите ближни¬.

*Сабота, 27 февруари 2021*

## ОЧИ ШТО ГЛЕДААТ, УШИ ШТО СЛУШААТ

**„Вашите, пак, очи се блажени, бидејќи гледаат и ушите ваши - бидејќи слушаат“ (Матеј 13,16).**

Кога сте станале христијанин, Бог ви дал духовен вид и слух за да можете да го доживеете неговото присуство и неговата активност насекаде околу вас. Светиот Дух ви помага да ги развивате овие духовни сетила додека одите со Него. Духовната осетливост кон Бога е дар што мора да се прифати, вежба и практикува. Светото писмо укажува на тоа дека оние кои се духовно мртви не можат да ги видат ниту да ги разберат духовните работи (Матеј 13,14-15). Без духовниот вид, вие можете да бидете среде Божјите моќни дела а да не ги забележувате.

Постои огромна разлика меѓу гледањето на вашата околина од човечка перспектива и гледањето на животот со духовни очи. Нехристијаните ќе ги гледаат овие настани околу нив во светот и ќе бидат збунети. Ќе ги набљудувате истите настани, но вие ќе го препознавате Божјото делување и ќе го усогласите животот со Него. Кога ќе сретнете личност која го бара Бога, вие ќе го препознаете убедливото делување на Светиот Дух и ќе го усогласите својот живот со она што Бог го бара (Римјаните 3,11). Некој без духовна перцепција ќе ја сретне истата личност и нема да забележи дека она што се случува во животот на таа личност има влијание врз вечноста. Другите ќе слушнат нови филозофии и трендови во општеството и нема да знаат како да ја препознаат вистината. А вие ќе го слушнете Божјиот глас среде сите тие гласови на светот и ќе имате мир среде конфузијата и збунетоста.

Гревот ги оштетува вашите сетила, оставајќи ве на крајот духовно слеп и глув. Немојте да бидете задоволни само со она што го гледате со вашите физички очи и што го слушате со своите физички уши ако не ги гледате и чувствувате делата што ги прави Бог. Барајте од Бога, преку силата на Светиот Дух, да ве направи чувствителни за Неговите дела околу вас.

*Сабота, 6 март 2021*

## ГОДИНА НА ГОСПОДОВАТА МИЛОСТ

**„Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните, Ме испрати да лекувам скрушени по срце, да им проповедам на заробените и на затворениците - отворање на темницата, да ја проповедам благопријатната Господова година и денот за одмазда на нашиот Бог; да ги утешам сите оние што тагуваат“ (Исаија 61,1-2).**

Божјиот временски распоред е совршен! Тој ни зборува, а сега е време да одговориме со послушност. Честопати се однесуваме како да го имаме целото време на светот и го трошиме залудно. Но, ние треба да му се покоруваме на Бога, зашто историјата не чека на нашата преданост. Не постои такво нешто како одложување на одлуките за Бога. Или сме послушни или не сме. Или тоа е вера или неверување, послушност или непослушност.

Кога Бог објавува дека сега е вистинското време, она што следно го правите е исклучително важно. Колку често луѓето биле неподготвени кога им дошла Реч од Господа. Бог рекол: „Сега е време да ми одговориш“, а нивниот одговор биле „Не сум подготвен, имам некои работи што прво треба да ги направам. Презафатен сум“ (Матеј 8,21). Божјиот временски распоред е секогаш совршен. Тој ве познава и е целосно свесен за сите ваши околности. Тој знае сѐ што досега вградил во вашиот живот и го продолжува повикот знаејќи дека Неговите ресурси се повеќе од доволни за која било задача што ви ја доверил вам.

Затоа Светото писмо вели дека Бог се грижи за состојбата на нашето срце. Ако нашето срце не е во вистинска врска, не негува вистински однос со Него, нашата непослушност кон Божјиот глас може да влијае на животот на другите. Кога Бог зборува, тоа е секогаш од перспектива на вечноста. Не мора секогаш да ги знаеме сите импликации на она што Тој го бара. Доволно е да се знае дека тоа го кажува Семоќниот Бог. „Сега“ е секогаш најдоброто време да одговориме позитивно на Неговиот повик.

*Сабота, 13 март 2021*

## ВЕРА ШТО Е УГОДНА ПРЕД БОГА

**„А без вера не е можно да Му се угоди на Бога; бидејќи оние кои доаѓаат кај Бога, треба да веруваат дека Тој постои и дека ги наградува оние што Го бараат“ (Евреите 11,6).**

Вашата заедница со Бога во голема мера е одредена од вашата вера. За да пристапите пред Бога, мора да верувате дека Тој постои и дека тој е токму онаков каков што се открил себеси во Светото писмо. Исто така, мора да верувате дека Тој ќе ви одговори кога искрено ќе го барате. Без ваква вера, не можете да му угодите на Бога. Без оглед на вашиот морал и добрите дела што ги правите, зборовите што ги изговарате или жртвите што ги поднесувате во негова полза, ако немате вистинска вера, не можете да Му угодите на Бога. Може да биде предизвик да се замени верата во Бога со религиозни активности. Христијаните можат да тврдат дека се „добри управители“, добри повереници на она што го поседуваат кога, всушност, тие сакаат да одат со убеденост, а не со вера (Евреите 11,1). Тие можат да одбијат да го прават она што Бог им го кажува, освен ако не видат сè и да знаат сè однапред.

Може да кажете: „Го сакам Бога, но едноставно ми е тешко да му верувам“. Ако е така, тогаш не му угодувате. Вие не можете да се борите со суштината во вашата заедница со Бога, а и понатаму да уживате во заедништво со Него. Верата не ги отстранува проблемите. Верата ве одржува во врска полна со доверба во Бога среде вашите проблеми. Верата се заснова на вашиот заемен однос со Бога, а не на околностите. Некои може да речат: „Јас повеќе сум практична личност отколку личност со вера!“ Но, никогаш нема да можат да се сторат ништо попрактично од тоа да му веруваат на Бога. Ништо не е побезбедно или посигурно од она што му го доверувате на Бога.

*Сабота, 20 март 2021*

## РАЗМИСЛУВАЈТЕ ЗА ОВИЕ РАБОТИ

**„Понатаму, браќа мои, на она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете“ (Филипјаните 4,8).**

Она за што размислувате во моментите кога сте во мирување, кога ништо не правите, го одразува она на што сакате вашиот ум да се задржува. Она што го зборувате кога вашиот „чувар“ спие е добар показател за тоа што ви е во срцето (Матеј 12,33.34). На вашиот ум му треба вежба исто како и на вашето тело. За да го одржите вашето тело здраво, треба да бидете внимателни што ставате во него и треба редовно да вежбате. За да ги одржувате своите мисли чисти, треба да внимавате што влегува во вашиот ум. За да го вежбате умот, мора да мислите на работи кои се благородни и вистински, чесни и праведни, достојни за слава на Бога.

Некои христијани дозволуваат светот да го исполнува нивниот ум со безбожни мисли. Некои луѓе ги привлекува сконцентрираноста на негативното, и тие бираат да гледаат со песимизам на сè. Некои остануваат задоволни со световно размислување. Други, пак, не се трудат да ја внесат содржината на Светото писмо во своите мисли, и наместо тоа го избираат човечкото, телесното размислување. Сепак, некои, избираат да го изложат својот ум на Божјите вистини – на она што е вистинито, благородно, добро, чисто, љубезно и на Бога угодно.

Работите на кои им дозволувате вашиот ум да се занимава, го открива начинот на кој живеете. Ако се фокусирате на негативните работи, сигурно ќе станете негативна личност. Ако дозволите нечисти мисли да ви го исполнуваат умот, сè што е спротивно на побожноста, тоа ќе стане вообичаено во вашиот живот. Ако го наполните умот со Христовите мисли, ќе станете како Него.

Она со што го исполнувате умот е прашање на избор. Изберете да се сосредоточите на славните Божји вистини и тие ќе создадат во вас благороден карактер кој му носи слава на Бога.

*Сабота, 27 март 2021*

## ДА ГО ПОЗНАВАМЕ БОГА

**„А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос“ (Јован 17,3).**

Познавањето на Бога преку лично искуство, е далеку поразлично од тоа да се знае за Бога од книги за теологија. Според Библијата, не можете да кажете дека го познавате Бога ако не сте го доживеале (Филипјаните 3,8). Библиското знаење секогаш го вклучува и искуството. Можеби ќе се обесхрабриш затоа што вистините за кои читаш во Библијата се многу побогати од реалноста што ја доживуваш.

Ако сте ја доживеале Божјата сила на дело и во својот живот, не се согласувајте со површно знаење за Бога, радувајќи се на она што Тој го прави за другите. Исусовата молитвата била ти лично да го познаваш Бога и Неговото присуство во твојот живот и искуство. Не ја намалувај Божјата сила опишана во Светото писмо само затоа што не си ја доживеал. Подигнете го своето искуство на ниво на Светото писмо; никогаш не го спуштај Светото Писмо на нивото на твоето искуство. Исус се молел да ја спознаеш длабочината и ширината и висината на Неговата љубов и да уживаш во Неговата полнота и бесконечна љубов во секојдневното искуство во твојот живот.

Ако чувствуваш дека постојат библиски вистини што не си ги доживеал, задржете ја таа вистина пред себе и барај од Бога да ја оствари во твоето секојдневно искуство. Прашај го Бога дали се потребни некои промени и сообразувања од твојата

страна за да го исполниш неговото ветување. Не се откажувај од Божјите ветувања: држи се за нив сè додека не се остварат и додека самиот не ги доживееш.

**Градиво за саботна школа**
**1/2021**

# УВОДНИ СТИХОВИ

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**